КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# Август 2021




# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Позитивните финансиски резултати на компаниите и економските индикатори го продолжија позитивниот тренд на глобалните пазари на капитал во текот на месец август. Повеќето американски и европски индекси продолжија со континуирано поставување на нови рекорди. Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот порасна за дополнителни 2,36% и истиот е за 14,70% повисок во однос на почетокот на годината. Најголем раст за месецот имаа американските акции (мерени преку S&P 500 индексот) со раст од 2,90%. Од почеток на годината, најголем раст на вредноста имаа американските и европските акции со раст од 20,41% и 18,01% соодветно.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот ја зголеми својата вредност за 7,81%, со што кумулативно од почетокот на годината има раст од 24,27%.

Во текот на месецот, акции кои имаа најголем раст беа акциите на НЛБ Банка со раст од 14,88%, Стопанска Банка Скопје со раст од 11,56% и Комерцијална Банка со раст од 9,54%, додека најголем пад на вредноста имаа акциите на Стопанска Банка Битола чија вредност се намали за 4,24%.

Од почеток на годината сите акции во индексот имаат раст. Најголем раст од почеток на годината имаат акциите на Комерцијална Банка и НЛБ Банка со раст од 45,97% и 45,30% соодветно.






*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Заздравувањето на економиите и стравот од можно зголемување на стапките на инфлација од една страна и изјавите на монетарните власти за продолжување на политиката на ниски каматни стапки од друга страна, доведе до релативно голема волатилност на приносите на државните обврзници од почетокот на годината. На крајот на месец август највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската и американската со принос од 1,31% и 1,22% соодветно, додека германската десетгодишна обврзница има најнизок принос од -0,38%.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026*
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец август најголем раст во однос на еврото имаше американскиот долар (USD) и кинескиот јуан (CNY) со раст од 0,49% и 0,48% соодветно, а најголем пад швајцарскиот франк (CHF) со пад од 0,58%.

Од почеток на годината најголем раст во однос на еврото имаат британската фунта (GBP) со раст од 4,15% и кинескиот јуан (CNY) со раст од 4,93%, а најголем пад имаше јапонскиот јен (JPY) чија вредност се намали за 2,84%.

Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*